# СОУ „ЉУПЧО САНТОВ“ - КОЧАНИ

## ***ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА***
## ***НА СОУ „ЉУПЧО САНТОВ“ - КОЧАНИ***
## ***УЧЕБНА 2017/2018 ГОДИНА***



***Август, 2017 година***

## 1. ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

Училишниот објект е лоциран во централното градско подрачје, во опкружување со воспитно - образовни установи, спортска сала, ПТТ, Основен суд, Дом на културата, автобуска станица и други позначајни институции. Сообраќајната мрежа на град Кочани овозможува во СОУ „Љупчо Сантов" да се образуваат и ученици од соседните општини.

Во училипштето се образуваат кадри во гимназиско образование и економско - правна и трговска струка, профил економски техничар.

Бројот на училишните простории, овозможува двосменско работење (прва смена од $7^{15}$ до $13^{15}$ и втора смена од $13^{30}$ до $19^{30}$).

Годишната програма за работа на училиштето е изработена во согласност со Законот за средно образование, Статутот на СОУ „Љупчо Сантов" Кочани и наставните планови и програм за работа по одделни наставни предмети одобрени од МОН и БРО и извештатите за работа на училиштето за учебната 2016/2017 година.

| Име на училиштето | СОУ „Љупчо Сантов" |
|---|---|
| Адреса, општина, место | ул. „Глигор Апостолов Гочо" бр. 31. Кочани |
| Телефон | 033 271 246 |
| Фах | 033 271 598 |
| е – маил | ljsantov@yahoo.com |
| Основано од | Народен одбор на општина Кочани |
| Верификација – број на актот | 01-6101 |
| Година на верификација | 30.09.1960 |
| Јазик на кој се изведува наставата | македонски јазик |
| Година на изградба | 1959 год. |
| Тип на градба | цврста градба |
| Површина на објектот | 3.102 $м^2$ |
| Површина на училишниот двор | 5.500 $м^2$ |
| Површина на спортски терени и игралишта | 5.500 $м^2$ |
| Училиштето работи во смена | училиштето работи во две смени |
| Начин на загревање на училиштето | парно греење |
| Број на паралелки | 32 |

**- Просторни услови за работа**

| | |
|---|---|
| **Број на училишни згради** | **1** |
| **Училишен двор** | **1** |
| **Број на спортски терени** | **2** |
| **Број на катови** | **приземје и 2 ката** |
| **Број на училници** | **21** |
| **Број на помошни простории** | **15** |
| **Училишна библиотека** | **1** |
| **Начин на загревање на училиштето** | **парно греење** |

**- Материјално - технички услови**

Училиштето располага со 21 училница, од нив 4 се адаптирани во кабинети за реализација на наставата по музичка уметност, ликовна уметност, физика, информатика. Училиштето располага и со студио за модерн танц, мултимедијален центар, библиотека со книжен фонд од 10 000 наслови и училишна спортска сала. За потребите на наставниот кадар опремени се 15 кабинети, соодветни за извршување на работните обврски. Секој кабинет е опремен со адекватен мебел и основна компјутерска опрема. Училиштето е комплетно реновирано во изминатите две години, со тоа што се направи замена на сите подови, реконструкција на кровот, замена на дрвената столарија со нова пвц столарија, надворешна термичка изолација на целата зграда и нова фасада. Ова придонесе за подигнување на условите за работа на повисоко ниво и заштеда на енергијата. Една училница е опремена со компјутерска опрема за потребита на наставата. За реализирање на наставата по спорт и спортски активности училиштето располага со спортска сала и современи спортски терени во училишниот двор.

Нагледните средства како телевизори, касетофоби, ЛЦД проектори, графоскоп и друг дидактички материал се на располагање за реализација на наставата. И покрај тоа има потреба од надополнување и обновување на постоечкиот дидактички материјал.

(Прилог: ***Преглед на просторните услови***)
(Прилог: ***Преглед на наставни средства и технички помагала***)

**- Структура на училиштето**

| | |
|---|---|
| **Членови на училишен одбор (име и презиме)** | Бранка Димитрова - претседател<br>Љубомир Гацов - заменик претседател<br>Петар Михаилов - член<br>Виолетка Цветанова - член<br>Владимир Медарски - член назначен од МОН Скопје<br>Лазо Кузмановски - член назначен од основачот<br>Тања Шопова - член назначен од основачот<br>Илија Тунџев - член од Совет на родители<br>Сашо Стоименов - член од Совет на родители<br>Весна Вучева - член од Совет на родители<br>Сузана Георгиевска - Постоловска - член назначен од основачот |
| **Членови на совет на родители (име и презиме)** | Фимка Андонова<br>Марина Коцева<br>Дарко Димитров<br>Сашо Стоименов<br>Валентина Данилова<br>Весна Вучева<br>Илија Тунџев<br>Татјана Величковска<br>**Напомена:** на Илија Тунџев и Татјана Величковска мандатот им завршува на 31.08.2017 година и истите ќе бидат заменети со родители на ученици од прва година, кои ќе се изберат во текот на месец септември 2017 година. |
| **Стручни активи** | • актив по македонски јазик и литература (6 наставници)<br>• актив по странски јазици (10 наставници)<br>• актив по математика и информатика (7 наставници)<br>• актив по физика, хемија и биологија (6 наставници)<br>• актив по историја и географија (4 наставници)<br>• актив по економски предмети (15 наставници)<br>• актив по општествени науки (11 наставници) |
| **Членови на ученичка заедница (број на ученици)** | 8 членови |

| Членови на еко - одбор (број) | 20 членови |
|---|---|

- **Наставен и ненаставен кадар**

| | вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Др. | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **Број на вработени** | 72 | 33 | 39 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Број на наставен кадар** | 57 | 25 | 32 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Број на стручни соработници** | 4 | 1 | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Административни работници** | 2 | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Техничка служба** | 7 | 5 | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Директор** | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Помошник директор** | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

**Степен на образование на вработени**

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Магистри | 3 |
| Високо образование | 61 |
| Виша стручна спрема | / |
| Средно образование | 5 |
| Основно образование | 3 |

**Старосна структура на вработените**

| Возраст | Број на вработени |
|---|---|
| **20-30** | 12 |
| **31-40** | 18 |
| **41-50** | 26 |
| **51 - пензија** | 16 |

(Прилог: ***Прегледи за постојниот наставен и друг кадар***).

Ученици - економско - правна и трговска струка

| Година на образование | Број на паралелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Роми | | Албанци | | Турци | | Други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **I** | 4 | 73 | 23 | 50 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **II** | 4 | 81 | 20 | 61 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **III** | 4 | 100 | 38 | 62 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **IV** | 4 | 82 | 24 | 58 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Вкупно** | 16 | 336 | 105 | 231 | / | / | / | / | / | / | / | / |

Ученици - гимназиско образование

| Година на образование | Број на паралелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Роми | | Албанци | | Турци | | Други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **I** | 4 | 81 | 34 | 47 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **II** | 4 | 65 | 24 | 41 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **III** | 4 | 77 | 33 | 44 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **IV** | 4 | 76 | 23 | 53 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Вкупно** | 16 | 299 | 114 | 185 | / | / | / | / | / | / | / | / |

## 2. ЦЕЛИ НА УЧИЛИШТЕТО

### 2.1 Подрачја на промени, приоритети и цели

Организирањето, реализирањето и унапредувањето на воспитно - образовната дејност на училиштето се состои од следните цели:

- осовременување на наставниот процес
- применување на техники за активно учење
- стекнување на функционални знаења
- оспособување на учениците за самооценување
- градење на тимска работа
- поттикнување и развивање на ученичката креативност
- реализирање на ученички истражувања и изработување проекти
- подигање на еколошката свест на учениците и вработените на повисоко ниво
- разбивање на стереотипите и предрасудите за припадниците на различни етнички заедници преку активности за запознавање на културата на другите и меѓусебно запознавање во рамките на програмата за меѓуетничка интеграција;
- оспособување на учениците за ефикасна и ефективна конкуренција на пазарот на трудот.

Дефинираните цели имаат своја целосна реализација преку Наставните програми за гимназиско и средно стручно образоване, економско – правна и трговска струка. Истите се изработени од БРО, а усвоени од МОН.

(Прилози: ***Наставен план по изборни подрачја за гимназиско образование, Наставен план за економско - правна и трговска струка (економски техничар))***.

Од работните програмски задачи и од воспитно - образовните цели произлегуваат Мисијата и Визијата на СОУ „Љупчо Сантов“ - Кочани.

**МИСИЈА:** ***СОУ „Љупчо Сантов“ - Кочани, го унапредува квалитетот на воспитно - образовната дејност, ја негува традицијата на создавање оспособени генерации, кои се конкурентни на пазарот на трудот и понатамошно образување на високото образование.***

**ВИЗИЈА:** ***Се стремиме кон ефикасен и ефективен развој, преку висок професионализам, перманентна едукација, примена на информатичката и компјутерска технологија, градење соработка со учениците, родителите и социјалните партнери.***

**2.2 Излезни образовни профили**

Според добиените верификации на Министерството за образование и наука во гимназиското образование учениците можат да посетуваат настава во: општествено - хуманистичко подрачје, природно - математичко подрачје и јазично - уметничко подрачје. Со стекнатата диплома и положена државна матура ученикот има можност да го продолжи своето образование во високо- образовните институции.

Економско - правната и трговска струка е со верификација на двата образовни профили: економски техничар и техничар за трговија и маркетинг. Стекнатата диплома за завршено средно стручно образование, и со положената државна матура му овозможува на ученикот да го продолжи своето образование на економски факултет или по негов избор на друг факултет, односно е оспособен за вработување или водење сопствен бизнис.

**2.3. Образовен влез**

За учебната 2017/2018 година училиштето изврши упис на ученици во прва година, според условите и критериумите дадени во Конкурсот за запишување во јавните средни училишта во учебната 2017/2018 година во Република Македонија, распишан од МОН. Во интерниот училишен оглас се опфатени следните услови и критериуми за запишување: ученикот да има завршено основно образование; да не е постар од 17 години; да ги исполнува критериумите: минимум 60 поени за гимназиско образование; минимум 60 поени за економски техничар. Во вториот уписен рок Училишната уписна комисија со одобрение добиено од МОН бројот на поените го намали на 50 поени за пријавените ученици во економско – правна и трговска струка. За упис во гимназиско образование поените не се намалија.

**2.4. Образовна преодност**

Според постојната законска регулатива (Законот за средно образование, Правилникот за начинот на следење, проверување и оценување, полагање на испити и напредување на учениците во средното училиште), обезбедени се можности за хоризонтална преодност во образовните подрачја и во образовните профили од иста или сродна струка. За проодност од гимназиско образование во средно стручно, економско - правна и трговска струка и обратно, потребно е ученикот да

ги положи диференцијалните испити, кои се утврдуваат според Наставните програми. Диференцијалните испити ученикот треба да ги положи до крајот на првото полугодие од учебната 2017/2018 година. Во спротивно не може да се реализира преодноста.

## 3. УТВРДЕНИ ПРИОРИТЕТИ

Врз основа на извештаите од учебната 2016/2017 год., извршената самоеавалуација на работата на училиштето во учебната 2016/2017 година, се утврдени следните приоритети: осовременување на наставата, подобрување на квалитетот на наставата со примена на современи интерактивни методи и техники, оспособување на поголем број на компјутери за примена во наставата, отпочнување со работа на училишно радио, професионален развој на наставниците, инфраструктурни промени во училиштето за подобрување на условите за работа (реновирање на санитарните јазли), подобрување на соработката со родителите (веб страна на училиштето со цел навремено информирање на родителите за активностите на училиштето, воведување на *дежурен телефон* - навремено информирање на родителите за отсуството на учениците од настава, подобрување на редовноста на учениците, едукација на учениците за изградување на личност со здрави стилови на живеење, интегрирање на еколошката едукација и реализација на активности за меѓуетничка интеграција.

## 4. АКЦИСКИ ПЛАНОВИ

| Учебна 2017/2018 година | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Временска рамка (месец) | | | | | | | | | | | | | | | Следење |
| **Активност** | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | **Носител** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** |
| Одржување на редовна настава | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | | | Наставен кадар | Класична училница, кабинети, користење на ИКТ и нагледни средства | реализирани наставни планови и програми | директор, пом. директор, педагог, психолог |
| Одржување на додатна и дополнителна настава | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | | | Наставен кадар | Класична училница, кабинети, користење на ИКТ и нагледни средства | совладување на наставниот материјал од страна на послабите ученици, проширување на знаењата на ученици кои покажуваат зголемен интерес за одредени предмети | директор, пом. директор, педагог, психолог |
| Одржување на консултативна настава | | | x | x | | x | x | | x | x | x | x | Наставен кадар | Класична училница, кабинети, користење на ИКТ и нагледни средства | помош на учениците од завршните години за полагање на државна матура и на учениците кои се упатени на полагање испит на годината и поправен испит | директор, пом. директор, педагог, психолог |
| Заштита и унапредување на здравјето на учениците | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | | | Наставен кадар, педагошко – психолошка служба, Црвен крст, Центар за јавно здравје и др. | Работилници, предавања, презентации со помош на ИКТ, едукативни емисии преку училишното радио, учество во спортски натпревари, систематски прегледи, вакцинации | Учениците се информирани за заштита од болести и се свесни за последиците од ризично однесување, одржување на лична хигиена | директор, пом. директор, педагог, психолог |
| Проектни активности | x | x | x | x | x | x | x | x | x | | | | Наставен кадар | Работилници, предавања, | Проширени знаења | директор, пом. |

| | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| и слободни часови | | | | | | | | | | | | | | презентации со помош на ИКТ | од областите за кои учениците покажуваат посебен интерес | директор, педагог, психолог |
| Организирање на ученички екскурзии | x | x | x | x | | x | x | x | x | x | | | Одговорен тим од наставници, младинска организација | Излети, посета на саеми, изложби, културно – уметнички настани, драмски претстави, историски знаменитости и институции и сл. во државата и странство | Запознавање со различни култури и знаменитости во државата и во други земји, развивање на солидарност и соработка, развивање на грижа и интерес за природата, практикување на еколошки навики, формирање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности, практично запознавање со институциите и нивната работа кои учениците ги изучуваат согласно наставните програми | директор, пом. директор, педагог, психолог |
| Професионално информирање и ориентирање на ученици | | x | x | x | x | x | x | x | x | x | | | Педагошко – психолошка служба, претставници од универзитети, советници за кариера | Работилници, тестирање, презентации, анкетирање | Навремено информирање и запознавање на учениците со можностите за понатамошно образование и помош за откривање на сопствените интереси и способности | директор и помошник директор |
| Општествено корисна | x | x | x | x | x | x | x | x | x | | | | Наставен кадар и младинска | Хуманитарни акции за помош на социјално | Развивање на чувство за општествена | директор, пом. директор, |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| работа | | | | | | | | | | | | | организација во соработка со институции од општествената заедница | загрозени лица, организирање и вклучување во еколошки акции | одговорност, развивање на хуманоста кај учениците и вработените | педагог, психолог |
| Општествено – културна дејност | x | x | | x | x | x | x | x | x | | | | Наставен кадар и младинска организација во соработка со институции од општествената заедница | Одбележување на значајни денови преку организирање на културно – уметнички програм, училишно радио | Презентирање на стекнатите знаења, способности и вештини на учениците во текот на наставната година на пошироката јавност | директор, пом. директор, педагог, психолог |
| Соработка со родителите | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | | x | Наставници, педагошко – психолошка служба, директор, помошник директор, секретар | Состаноци на Совет на родители, родителски средби, индивидуални разговори со родители, организирање советувања на родители, *дежурен телефон* за навремено информирање на родителите за отсуството на учениците, веб страна на училиштето - запознавање на родителите и пошироката јавност со воспитно - образовната работа на училиштето, двосменско работење на управата и стручните соработници со цел овозможување на редовна комуникација со родителите според нивниот распоред на работни обврски | Родителите се активни чинители во воспитно – образовната дејност на училиштето | директор, пом. директор, педагог, психолог |
| Организирање на заенички активности | Активностите ќе се организираат во време кое ќе | | | | | | | | | | | | Училишен тим за меѓуетничка интеграција, | Работилници, спортски натпревари, заеднички реализирани часови, излети | Запознавање на културата, обичите и традицијата на | Училишен тим за меѓуетничка интеграција |

| | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| со партнерско училиште во рамките на програмата Меѓуетничка интеграција во образованието | биде договорено со партнерското училиште и во согласност со финансиските можности за организирање на вакви средби | | | | | | | | | | | наставници | | припадниците на друга етничка заедница, прифаќање на различностите како можност за напредување и збогатување на општествениот живот | |
| Стручно и педагошко усовршување на наставниот кадар, директор, помошник директор, педагог, психолог | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | Обучени наставници, МОН и БРО | Интерни обуки реализирани во рамките на училиштето, посета на обуки организирани од МОН и БРО, соработка во рамките на стру;ните активи, организирање на нагледни часови и меѓусебно посетување на наставниците на часови организирани за таа цел | Перманентно теоретско, стручно и педагошко усовршување на носителите на воспитно – образовната работа во училиштето | директор, пом. директор, педагог, психолог |
| Изготвување на тримесечни, полугодишни и годишни извештаи за успехот и поведението на учениците и севкупната работа на училиштето | | | x | | x | | | x | | | x | x | Наставен кадар, педагошко – психолошка служба, директор и помошник директор | Обработка и сумирање на податоци | Детален преглед на постигнатиот успех и поведение на учениците по наставен предмет, година, струка, пол, националност | Совет на општина Кочани, Училиштен одбор, Совет на родители, Наставнички совет |
| Реновирање на тоалетите | активноста ќе се реализира кога ќе бидат одобрени средства од МОН | | | | | | | | | | | | Градежна фирма | | Подобрување на хигиенските услови во училиштето | директор, МОН, лице назначено за надзор |
| Полагање на државна матура, завршен испит и училишна матура | | | | | | | | x | x | x | | x | МОН, ДИЦ, Училишна матурска комисија | Полагање на испити | Добивање на диплома за стекнато средно образование | МОН, БРО, ДИЦ, УМК |
| Изработка на Годишна програма за работа на | | | | | | | | | | | x | x | Одговорен тим | | Планирање на работата на | Совет на општина |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| училиштето | | | | | | | | | | | | | | училиштето за учебната 2015/2016 год. | Кочани, Училишен одбор, Совет на родители, Наставнички совет |

### 4.1 План за евалуација на акциските планови

- **Критериум за успех**

- Показател за реализирањето на сите видови настава предвидени со Годишната програма за работа на училиштето е педагошката евиденција и документација која континуирано се води во текот на учебната година. Воедно реализирањето на наставата се следи од директорот, помошник директорот, педагошко – психолошката служба, претставници од Државниот просветен инспекторат преку посета на часови;

- Организирањето и реализирањето на ученичките екскурзии се врши во согласност со Правилникот за организирање и реализирање на ученички екскурзии во средните училишта, каде што е предвидено вклучување на Советот на родители во целата постапка, како и разгледување на извештајот за реализираните екскурзии;

- Резултатите од професионалното информирање на учениците се согледува од навременото информирање и насочување на учениците за избор на соодветно подрачје, изборен предмет или високообразовна институција;

- Општествено – корисна работа – критериум за успешност на овие активности е бројот на организирани хуманитарни акции, бројот на лица кои имаат бенефит од ваквите активности, еколошки акции кои ги организира училиштето и пошироката заедница и бројот на учесници во ваквите активности, како и резултатот од истиот;

- Соработка со родителите – критериум за успех за оваа активност е бројот на одржани средби со родителите, ефектите од овие средби, како што е: подобрување на редовноста на учениците, подобрување на успехот на учениците, вклучување на родителите во работата на училиштето;

- Стручно и педагошко усовршување на наставниот кадар, стручните соработници, директор, помошник директор – успешноста на обуките кои се организираат се согледува во примената на интерактивни методи во наставата, зајакнување на соработката помеѓу вработените, наставниците и учениците, соработката со родителите и со институции кои придонесуваат за успешна воспитно – образовна дејност и создавање на подобри услови за работа во училиштето;

- Полагање на матура – оваа активност се реализира во соработка со МОН и ДИЦ, резултатите кои се постигнуваат се задоволителни и над државниот просек, што е доволен индикатор за успешност;

- **Индикатор за успешност**

Индикатор за успешност на активностите е 100% реализирање на Наставните планови и програми, постигнатиот успех на учениците по наставни предмети, успехот од Државна матура, бројот на културно – уметнички програми кои ги организира училиштето и посетеноста на истите, бројот на хуманитарни активности кои ги организира самото училиште или е дел од поголеми активности кои ги организира општината, зголемена соработка со родителите, соработка со локалната заедница и сл.

## 5. ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ

### 5. 1 Настава

***Цели:*** Осовременување на наставата;

***Задачи:*** Примена на ИКТ и интерактивни методи во наставата;

***Активности:*** Утврдување на потребите на наставниот кадар од обуки; организирање на едукација на наставниот кадар од страна на МОН и БРО; примена на активни техники на учење, организирање на нагледни часови.

***Носители на активностите се :*** наставниците, стручните соработници, директорот на училиштето.

***Цели :*** Подобрување на квалитетот на наставата ;

***Задачи :*** Опремување на простории за кабинетска настава, набавка на нови литературни дела (стручна литература), набавка на нагледни средства и дидактички материјал, набавка на компјутерска опрема;

***Активности :*** Одредување на кабинети по определени наставни предмети, утврдување на потребите од нови литературни дела, стручна литература, нагледни средства и дидактички материјал, набавка на истите ; поставување на линкови до наставни материјали, електронски содржини кои би се користеле во наставата.

***Носители на активностите се :*** одредени тимови од наставници и стручни соработници, помошник директор и директор.

***Цели:*** Интегрирање на еколошката едукација во образованието во РМ;

***Задачи:*** Вклучување на теми од областа на екологијата во редованата настава;

***Активности:*** Организирање на работилници, презентации, еколошки акции, предавања и сл.

***Носители на активностите се:*** Еко – одбор, наставниците, стручните соработници, пом.директор и директорот на училиштето.

***Цели:*** Меѓуетничка интеграција во образованието;

***Задачи:*** Запознавање со различни култури и знаменитости во државата;

***Активности:*** Организирање заеднички активности со партнерско училиште со цел взаемно запознавање и разбивање на стереотипите и предрасудите, организирање на самостојни мултикултурни активности во рамките на редовната настава и воннаставните активности;

***Носители на активностите се:*** Училиштен тим за меѓуетничка интеграција, наставниците, стручните соработници, пом.директор, директорот на училиштето и учениците.

### 5.1 Подобрување на соработката на училиштето со родителите

***Цели:*** воспоставување соодветна редовна комуникација со родителите во согласност со измените во Законот за средно образование; интерактивна соработка помеѓу училиштето и родителите;

***Задачи:*** вклучување на родителите во работата на стручните тела и органи; едукација на родителите преку индивидуални и групни советувања; ангажирање на родителите во реализација на задачи на училиштето соодветни на нивната

професија и афинитети; навремено информирање на родителите за воспитно образовната работа на училиштето преку училишна веб страна.

***Активности:*** учество на родителите на работни состаноци на стручните и управни органи и тела; организирање на советувања на родители; реализација на активности од страна на родителите на доброволна основа; креирање профили на социјалните мрежи, форум ии дискусиони групи за комуникација помеѓу наставниците, учениците и нивните родители; навремено информирање на родителите за воспитно образовната работа на училиштето преку училишна веб страна; воведување на двосменско работење на стручната служба со цел овозможување непречена комуникација на родителите со вработените во училиштето и покрај нивните работни обврски.

***Носители на активностите:*** родителите, директорот, помошен директор, психолог, педагог.

**5.2 Подобрување на редовноста на учениците**

***Цели:*** намалување на бројот на оправдани и неоправдани изостаноци на учениците;

***Задачи:*** откривање на причините за нередовно посетување на наставата; создавање навика за одговорно однесување кон ученичките и училишните обврски; мотивирање на учениците за редовно посетување на наставата;

***Активности:*** донесување на Правилник за регулирање на изостаноците на учениците, Правилник за начинот на изрекување на педагошките мерки и опомени, Правилник за дежурство на смена - нивно доследно почитување; ставање во функција на *дежурен телефон* соц ел навремено информирање на родителите за изостанувањето на учениците од настава ; конкретизирање на превентивни мерки; градење систем на пофалби и награди;

***Носители на активностите:*** учениците, Младинска организација, родителите, раководителите на паралелките, училишниот психолог, педагог, помошен директор и директорот на училиштето.

**5.3 Едукација на учениците за здрави стилови на живеење**

***Цели:*** превенција од зависности; заштита од семејно насилство; трговија со луѓе; едукација за сексуално и репродуктивно здравје ;

***Задачи:*** информирање на младите за последиците од ризично однесување ; градење на здрави стилови на живеење ;

***Активности:*** спроведување на анкети ; организирање на работилници ; предавања од стручни лица ; трибини ; дебати ; редовни систематски прегледи и вакцинации ;

***Носители на активностите:*** учениците, родителите, раководителите на паралелките, училишниот психолог, педагог, помошен директор и директорот на училиштето, Центар за јавно здравје, Црвен Крст, МВР.

**5.4 Инфраструктурни промени во училиштето за подобрување на условите за работа**

***Цели :*** обезбедување на подобри услови за работа и заштеда на вода ;

***Задачи :*** реновирање на санитарните јазли, уредување на училишниот двор, оспособување на просторот во поткровјето за потребите на училиштето ;

***Активности :*** Организирање на еколошки акции, обезбедување на финансиски средства, ангажирање на фирми - изведувачи.

***Носители на активностите :*** наставници, ученици, помошник директор, директор и фирми - изведувачи.

## 6. ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ НА СОУ „ЉУПЧО САНТОВ“ - КОЧАНИ

### 6.1. Настава

Целите на училиштето во најголем амера се остваруваат преку наставта, која училиштето ја организира и реализира според Наставните планови и Наставните програми дадени од МОН и БРО. Наставниот процес опфаќа предмети за општо образование, стручни предмети, изборни наставни предмети и изборни наставни подрачја, проектни активности, слободни часови, практична настава, како и дополнителна, додатна и консултативна настава. Преку овие видови на настава, учениците се стекнуваат со знаења, умеења ив ештини, се развиваат нивните интелектуални способности, критичкото мислење, а преку практичната настава во стручното образование учениците ги ставаат во функција стекнатите теоретски знаења.

Наставниот процес се реализира во текот на 5 наставно - работни денови, според изработен распоред на часовите. Неделниот фонд на часови во гимназиското образование по години е: I година - 30 часа, II година - 32 час, III година - 30 часови, IV година - 29 часови. Што се однесува пак до средното економско образование, неделниот фонд на часови по години е следен: I година - 31, II година - 34, III година - 33, IV година - 33 часа. Во учебната 2017/2018 година ќе продолжи реализацијата на програмата ***Меѓуетничка интеграција во образованието,*** *(Прилог: План за Меѓуетничка интеграција),* ќе продолжи реализацијата на проектот ***Интегрирање на еколошка едукација во македонскиот образовен процес*** што подразбира планирање на наставата со посветување на посебно внимание на еколошкото воспитание. (*Прилог: План за интегрирање на еколошко образование*). Исто така ќе продолжи реализацијата на активности во рамките на проектот ***ПИСА – меѓународно тестирање на учениците***, програмата Животни вештини, која се реализира на часовите на класната заедница, кариерниот центар кој беше отворен во учебната 2014/2015 год. активно ќе работи на поддршка на учениците во нивниот кариерен развој. Покрај редовната настава која се реализира според распоредот, училиштето реализира и ***проектни активности*** за учениците од гимназиското образование и ***слободни часови*** со учениците од економско образование. За учениците од гимназиските паралелки од I, II, III година проектната активност Иновации и претприемништво е задолжителна за сите ученици, а втората проектна активност ја избираат учениците во согласност со нивните афинитети, потреби и интереси, а часовите се реализираат пред или по звршувањето на редовната настава во договор на предметните наставници со учениците. Преку анкети учениците од економските паралелки ги избираат слободните часови во зависност од нивниот интерес.

***Дополнителната настава*** е наменета за учениците кои во текот на наставната година постигнуваат послаби резултати по одредени предмети и покрај посетувањето на редовна настава. Со индивидуалниот приод во текот на дополнителните часови, на ученикот кој се соочува со потешкотии, му се овозможува да напредува во зависност од неговата одговорност и интереси. Во согласност со Законот за средно образование за овој вид настава предметните

наставници изработуваат програми и се прави распоред во согласност со можностите на учениците.

Со цел да им се даде можност на учениците кои сакаат да ги збогатуваат знаењата што веќе ги стекнале преку редовната настава, училиштето организира ***додатна настава***. Додатните часови имаат за цел да ги задоволат афинитетите на поедини ученици, кон определен наставен предмет и да го развијат нивниот талент од одредена област. Секако, во текот на додатната настава се подготвуваат и учениците - учесници на ученичките натпревари.

***Консултативната настава*** е наменета за учениците кои по завршувањето на наставната година не добиваат позитивна оценка и се упатени на поправен испит, испит на годината и дополнителни испити, изработуваат проектни задачи за полагање на државна матура, училишна матура, завршен испит, како и кога подготвуваат устен и писмен дел при полагање на завршен испит или училишна матура. Со оваа настава училиштето им овозможува на учениците да ја добијат организирано потребната стручна помош, практични сугестии, размена на мислења и друго, а се со цел постигнување на подобри резултати.

### 6.2. Други облици на воспитно - образовна дејност во училиштето

Во СОУ „Љупчо Сантов“ - Кочани, и во учебната 2017/2018 година, ќе се спроведат сите потребни активности за полагање на учениците на испитите од ***училишната матура*** во гимназиското образование, односно на испитите од ***завршниот испит*** во четиригодишното стручно образование, полагање на ***државната матура*** во гимназиското и во средното стручно образование.

Дел од слободното време по завршување на наставниот ден, учениците по своја лична определба, се ангажираат и во ***вонннаставни активности***. Фунцијата на вонннаставните активности е задоволување на интересите и потребите на учениците согласно нивниот афинитет. Резултатите од реализацијата на овие активности се презентираат на пошироката јавност преку одбележување на значајни денови, организирање изложби и учество на натпревари. За организацијата и реализацијата на активностите се формираат одговорни тимови. Во учебната 2017/2018 година од вонннаставните училишни активности ќе бидат застапени: ученичките заедници и организации, општествено - корисната работа, заштита и унапредување на здравјето на учениците и културата на живеење, општествено - културна дејност, спортски и други натпревари, драмска секција, училишен радио клуб и др.

Значаен сегмент во организацијата на животот и работата на СОУ „Љупчо Сантов“ - Кочани, се и ***ученичките заедници***. Со почетокот на наставата, на ниво на секоја паралелка се формира заедница на паралелката, со избор на нејзино раководство и определување на работни задолженија. Преку ученичката заедница, учениците повремено самостојно и по потреба во соработка со раководителот на паралелката, со родителите, со училишниот психолог и педагог, директорот и помошник директорот дискутираат, разменуваат мислења, даваат предлози и превземаат активности за разрешување на прашања кои се од интерес на паралелката и училиштето. Програмските задачи на ученичките заедници се насочени кон: постигнување подобри воспитно - образовни резултати, одржување ред и дисциплина во паралелката и на ниво на училиште, превземање на активности за почитување на одредбите од Кодексот за однесување на учениците, естетско уредување на училницата,

реализирање собирни акции, негување на толеранцијата и давање меѓусебна помош во учењето и слично.

Целта на ***општествено - корисната работа*** е да се развие кај учениците позитивен однос кон работата. Оваа вонnаставна активност дава придонес во јакнењето на воспитната функција на СОУ „Љупчо Сантов“- Кочани и опфаќа: активности за заштита и унапредување на работната средина, спроведување на собирни хуманитарни акции, Засади дрво - засади ја иднината - Ден на дрвото, пошумување, уредување на училишниот двор, собирање и селектирање на отпад за рециклирање, стекнување знаења за организација на работата, почитување на сопствениот и туѓиот труд, вклучување во акции организирани од локалната самоуправа.

И оваа учебна година училиштето ќе води грижа за ***унапредување на здравјето на учениците*** - систематски прегледи, примање на вакцини, одржување на хигиената, едукација за превенција од заразните болести и пороци и унапредување на менталното здравје, развивање на самодовербата, самопочитување и разбирање на другите, како и нивно прифаќање, негување на социјалното здравје, водење грижа за здрава животна средина, создавање принципи на организација на здрава училишна средина. Наставници од училиштето и во учебната 2017/2018 година ќе продолжат со реализирање на активности во рамките на проектот ЦКА - ПХВ во соработка со Црвен крст, а поддржан од МОН и БРО.

***Професионално информирање и ориентирање на учениците е*** програмска активност која има за цел: информирање на учениците и нивно правилно избирање на наставното подрачје во согласност со нивните способности, интереси и афинитети; да ги добијат потребните информации за целите и задачите на проектните активности и слободните часови; да добијат соодветни насоки кога се определуваат за полагање на државна матура, училишна матура, завршен испит, непосредно информирање околу условите за упис на високо - образовните институции. Професионалната ориентација е дел од работните задачи педагошко- психолошката служба, раководителите на паралелки, како и останатите наставници. Наведените активности се реализираат преку анкети, разговори со лица од различни професии, предавања, презентации од претставници од високообразовните институции. Во текот на учебната 2014/2015 год. и 2015/2016 год. четири наставници посетуваа циклус на обуки за кариерни советници. Овие наставници во текот на 2017/2018 год. ќе организираат групни и индивидуални советувања, како и тестирања со батерија на инструменти со цел помош на учениците во изборот на нивната идна професија.
(Прилог: ***Програма за професионално информирање и ориентирање на учениците***).

Организирањето и реализирањето на воннаставните активности од подрачјето на ***општествено - културната дејност***, е особено значајно од воспитен и образовен аспект. Имено на учениците учесници во ваквите воннаставни ангажирања им дава можност да ги афирмираат личните, но и училишните постигнати резултати, преку одбележување на: Патрониот празник на училиштето; одржување презентации на проекти; учество во локални манифестации; посета на изложби, театарски и кино претстави и на културно - историски знаменитости.

Во текот на учебната година за учениците во СОУ „Љупчо Сантов“ - Кочани, ќе се реализираат ***ученички екскурзии***. Нивната улога и педагошка

функција е незаменлива во остварувањето на одредени цели и задачи од воспитно - образовната дејност на училиштето. Екскурзиите ќе бидат еднодневни и повеќедневни. Истите ќе имаат наставен, воспитно - образовен и рекреативен карактер. Еднодневните и дводневни екскурзии се наменети за учениците од прва, втора, трета и четврта година, а повеќедневните за учениците од трета година, кои ќе се реализираат во месеците април - јуни. Преку екскурзиите учениците ќе имаат можност да се запознаат со природните убавини, богатства, културно - историски знаменитости, индустриско - стопански објекти, берзи, саеми ( саем на книгата), високо образовни институции и друго, како во Република Македонија, така и надвор од неа. За еднодневните екскурзии ќе се користи бесплатниот превоз за средношколци обезбеден од Македонски железници. На овој начин учениците ја поврзуваат теоријата со практиката, го збогатуваат своето искуство, ја развиваат одговорноста, се социјализираат и создаваат правилен однос кон животната средина.

(***Прилог: Програма за реализирање на ученички екскурзии)***

Од учебната 2017/2018 година ќе се реализира проект одобрен од Националната агенција во рамките на Програмата Еразмус+. Реализацијата на проектот ќе овозможи размена на искуства помеѓу наставниот кадар и ученици од различни земји и средини.

Учениците покрај различните видови настава кои ги организира училиштето посетуваат и друга настава организирана надвор од училиштето, со цел продлабочување на нивните знаења и усовршување на одредени вештини.

## 7. ОРГАНИЗИРАН ПРЕВОЗ НА УЧЕНИЦИ

Според Законот за средно образование средното образование е задолжително за сите ученици. Според тоа учениците добиваат бесплатни учебници и им се обезбедува организиран превоз. За учебната 2017/2018 год. ќе се организира превоз за ученици кои патуваат од следните места: од Мородвис, Оризари, Горни Подлог, Мојанци, Чешиново, Облешево, Зрновци, Спанчево, Теранци, Бања, Чифлик, Видовиште, Жиганци, Кучичино, Виница, Тркање, Бели, Блатец, Истибање, Грдовци, Нивичани, Бурилчево, Соколарци, Липец, Штип, како и за ученици од Кочани. Превозот за учениците е организиран во согласност со работното време на училиштето за прва и втора смена.

## 8. СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА СРЕДИНА

Важен фактор во развојот на воспитно - образовната дејност на СОУ „Љупчо Сантов“ - Кочани е соработката со локалната средина, бидејќи училишното опкружување има свое учество и влијание на унапредувањето на неговата севкупна работа. За поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето се користат сите услови кои ги нуди потесното и поширокото опкружување. Преку разновидните општествени, културни, образовни и друг вид на активности на училиштето со локалната средина, ќе се постигнат подобри резултати како во редовната настава, така и во другите видови настава кои ги организира училиштето.

Соработката со локалната средина се однесува на соработката со: Локалната самоуправа, социјалните партнери, основните училишта на ниво на општина Кочани, Музичкото училиште, средното стручно училиште „Гошо Викентиев“, Центарот за култура „Бели мугри“, Библиотеката „Искра“, Здравствениот дом, Центар за јавно здравје, Центарот за социјална работа,

локалните стопански субјекти, Црвен крст, локалните медиуми, како и други даватели и примателии на услуги од училиштето.

### 8.1 Соработка со МОН, БРО, Државниот просветен инспекторат и други соработки на училиштето

Дел од програмските задачи на СОУ „Ѓупчо Сантов“ - Кочани, се поврзани со соработката со: Локалната самоуправа; Министерството за образование и наука; Бирото за развој на образованието - подрачна единица Кочани; Државниот просветен инспекторат - подрачна единица Кочани; средните училишта надвор од општина Кочани; МВР - СВР - Кочани; регионалните координатори на проекти; производители на училишен инвентар и наставно - технички средства и помагала; туристички агенции, стопански субјетки, локалните медиум и други.

Целта на соработката со посочените институции, установи, производствени објекти, е организирано да се следи, унапредува воспитно – образованта дејност, поврзување на стекнатите теоретски знаења со практичната работа, вреднување, а притоа и вршење надзор на целокупната дејност на училиштето. Соработката со локалните медиум е со цел запознавање на поширокото опкружување со работата на училиштето и активностите кои се реализираат.

### 8.2. Соработка со родители на учениците

Една од приоритетните задачи на училиштето за учебната 2017/2018 год. е продлабочување на соработката на училиштето со родителите на учениците. Преку соработката со родителите, се овозможува нивно непосредно вклучување во следењето и реализацијата на училишната дејност; родителите се запознаваат со целите и задачите на нашето училиште; неговата структурна поставеност и условите за работа; добиваат информации за натамошниот развој на училиштето, преку неговата вклученост во проекти; барање на мислење и сугестии од родителите; заедничко разрешување на проблеми; вклучување на родителите во реализирање на активности, соодветни на нивната професија, општествена моќ, влијание и авторитет.

Овие активности ќе се реализираат преку следните форми:

- индивидуални контакти со посета на родителите во училиштето, по потреба посета на наставникот на родителскиот дом, телефонски разговор;
- родителски состаноци на ниво на паралелка со информативен карактер; разгледување на успехот, редовноста и поведението на учениците; разгледување на прашања од наставниот процес; организирање на екскурзии и матурска вечер; создавање подобри работни услови; одбележување на Денот на училиштето и други прославувања и јубилеи;
- посета на училишни презентации;
- информирање на родителите за успехот и редовноста со СМС пораки или по електронски пат (оваа можност е во функција со воведувањето на елктронскиот дневник) ;
- воведување на *дежурен телефон* соц ел навремено информирање на родителите за изостанувањето на учениците од настава ;
- обезбедување на поголема достапност на родителите до стручните служби во училиштето со воведување на двосменско работење ;

- комуникација со родителите преку профили на социјалните мрежи, форуми и дискусиони групи меѓу наставниците, учениците и родителите, официјална веб страна на училиштето ;
- вклучување на родителите во акции за уредување на училиштето, обезбедување спонзорства и.т.н.

Според Законот за средно образование од учебната 2011/2012 год. се реализира задолжително советување со родители на ученици кои постигнуваат послаби резултати, нередовно ја посетуваат наставата и имаат проблеми во однесувањето. Овие советувања ќе продолжат да се организираат и во текот на учебната 2017/2018 год. според упатствата добиени од МОН и БРО. Исто така од учебната 2014/2015 год. се реализираат и советувања на ученици кои имаат слаби оценки, отсуствуваат од настава или имаат несоодветно однесување.
(Прилог: ***Програма за советување на родители***).

## 9. СЛЕДЕЊЕ, ВРЕДНУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ

### 9.1. Следење и вреднување на постигнувањата на учениците

Со правилникот за начинот на следење, проверување и оценување на полагањето на испити и наградувањето на учениците во средното училиште, се извршува следењето и вреднувањето на постигнувањата на учениците од СОУ „Љупчо Сантов“ - Кочани. Следењето на напредокот, проверувањето и оценувањето на постигнувањата на учениците, се одвива континуирано во текот на наставната година. Наставникот ја следи активноста на ученикот, нивото на усвоените знаења, стекнатите вештини за примена на знаењата, способноста за критичко размислување, презентација и формирање на свои согледувања.

При интерното оценување на постигнувањата на учениците, се користи: формативно и сумативно оценување, усно проверување - усни одговори, презентации, дискусии; писмено проверување - неформални и стандардизирани тестови, писмени вежби, писмени работи, есеи и друго; вреднување на практичната работа, проекти, ликовни презентации и слично. Оценувањето може да биде само усно, или усно и писмено. За валидноста и објективноста при оценувањето, одговорен е наставникот. За вреднување на постигнувањата на ученикот се внесуваат оценки во дневникот на паралелката, како и во електронскиот дневник, а добиената оценка е јавна. Ученикот добива оценки за успехот на тримесечјето, полугодието, второто тримесечје и на крајот на наставната година. Општиот успех на ученикот на крајот на учебната година го утврдува Советот на паралелката.

Согласно правилникот за пофалби и награди на учениците, училиштето секоја учебна година прогласува ученик на генерацијата, а на учениците со континуиран одличен успех им се доделуваат дипломи. Учениците кои покажуваат најдобри резултати во претприемништвото и хуманоста добиваат посебно истакнување и награди од Ротари клубот.

Определеноста на училиштето и секако на наставниот кадар се насочени кон систематско, перманентно следење, проверување и оценување на знаењата и успехот на учениците. За оценувањето да има поголема објективност се користат повеќе инструменти за оценување и самооценување од страна на учениците, како и вештините стекнати од обуката на тема ***Стандарди за оценување,*** која ја посетуваа сите наставници во ноември - декември 2012 год. Членовите на стручните активи ќе дефинираат воедначени критериуми за

оценување за секој наставен предмет и со истите ќе се запознаат учениците. На овој начин добиената оценка ќе биде мотивирачка и одраз на целокупната активност на ученикот во процесот на стекнување на знаења и умеења, на нивно применување и презентирање.

**9.2. Вреднување на работата на наставнкот**

На ниво на училиште се следи и унапредува работата на наставниот кадар. Во истиот, како појдовни критериуми за вреднување на работата на наставникот, можат да се земат следните:

- професионално и одговорно извршување на работните обврски;
- годишни наставни планирања, дневни подготовки;
- внесени иновации во наставната работа;
- користење на интерактивни методи во наставата ;
- примена на ИКТ во наставата ;
- објективно оценување на постигнувањата на учениците;
- постигнатиот успех на учениците;
- остварени резултати на учениците на државно и повисоко ниво на натпревари;
- ангажираност во проекти;
- добиени сертификати;
- објавени стручни материјали;
- ангажираност во стручни органи и тела;
- лични позитивни карактерни особини (иницијативност, креативност, мотивираност, способност за тимска работа) ;
- навремено и правилно водење на педагошката евиденција и документација;
- ангажирање во воннаставни активности.

**9.3. Вреднување на Годишната програма за работа на училиштето**

Како резултат на следењето и унапредувањето на воспитно- образовната работа и на воннаставните активности, во сите нивни структурни компоненти, следи вреднување на годишните програмски планирања. Согледувањето за реализацијата на Годишната програма за работа на СОУ „Љупчо Сантов“ - Кочани за учебната 2017/2018 година, ќе бидат проследени во форма на Полугодишен и Годишен извештај, анализа на постигнатите резултати во структуралните подрачја на воспитно - образовната дејност на училиштето.

**9.4. Водење педагошка документација и евиденција**

Правилникот за начинот на водењето, формата и содржината на педагошката евиденција и документација во средните училишта, го обврзува училиштето да ја води следната педагошка евиденција: дневник на паралелката, главна книга на учениците, главна книга за завршен испит, главна книга за училишна матура, главна книга за државна матура, диплома, свидетелство, евидентни листови, преведница. Континуирано во текот на учебната година, како и претходните ќе се врши проверка на водењето на педагошката евиденција од страна на стручните соработници, помошник директорот и директорот. И оваа учебна година педагошката евиденција ќе се води и по електронски пат во електронскиот дневник.

## 10. ПРАВИЛА ЗА РАБОТЕЊЕ И ОДНЕСУВАЊЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

Посебно внимание во училиштето се посветува на создавање соодветна работна атмосфера. Бидејќи за ова е потребно дефинирање на Правилник за однесување, изработени се Кодекси за однесување на учениците и наставниците и Куќен ред на СОУ „Ѓупчо Сантов“ - Кочани. Учениците во воспитно - образовната работа имаат свои права, но и должности и доколку им се дава исто значење, работната средина нуди задоволство и сигурност. Совесното однесување кон сопствените работни обврски, придонесува во развивањето на взаемна соработка и доверба помеѓу вработените, учениците и соработниците. Донесувањето на Правилник за дежурство на смена, Правилник за начинот на изрекување на педагошките мерки и Правилник за регулирање на изостаноци на учениците дополнително ќе допринесе за создавање на раборна атмосфера, намалено отсуство од натава, а со тоа и подобри резултати.

(Прилог: ***Кодекс на однесување на наставниците, Кодекс за однесување на учениците, Куќен ред, Еко - кодекс, Правилник за дежурство на смена, Правилник за начинот на изрекување на педагошките мерки и Правилник за регулирање на изостаноци на учениците).***

## 11. УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ КАДАР ВО ТЕКОТ НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

СОУ „Ѓупчо Сантов“ - Кочани, има програмска задача да обезбеди услови за стручно усовршување на наставниот кадар. Во текот на учебната 2017/2018 година, ќе се набавува стручна и прирачна литература, организирање на дисеминација на посетени семинари, редовно посетување на семинари, курсеви, советувања во организација на Бирото за развој на образованието, едукација преку проектите во кои е вклучено училиштето, одржување на нагледни часови, размена на работни искуства меѓу члeновите на стручните активи, меѓусебна посета на часови, воспоставување соработка со други училишта. Преку стручното усовршување на наставниот кадар, ќе се овозможи постигнување на повисоки резултати во наставниот процес и секако учениците ќе се здобијат со поквалитетни знаења.

Составен дел од стручното усовршување на наставниот кадар, ќе биде и менторирањето од страна на училишниот тим. Наставниците ќе добиваат ефикасна стручна помош, во делот на подобра реализација на наставниот час и во примената на активни техники на учење, со што се подобрува напредувањето и успехот на сите ученици. Наставниците - ментори ќе соработуваат и даваат поддршка на секој наставник и тоа во текот на подготовката на часот; да се осмислат активностите за учениците и за наставникот; да се дадат сугестии за фазите од часот; да се разменат мислења за самооценување и секако да се направи заеднички преглед на сработеното и остварените цели и задачи.

Менторството како форма на унапредување на работата на наставникот, исто така е и начин за постигнување на подобри резултати во воспитно - образовниот процес и затоа истото ќе се применува во текот на наставата.

(Прилог: ***Програма за стручно усовршување на наставниот кадар***).

(Прилог: ***Програма за менторирање на наставник - почетник***).

## 12. УПРАВНИ И СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА

### 12.1. Раководни и управни органи

Директорот како раководен орган на училиштето, е одговорен за законитоста во работењето, реализацијата на воспитно - образовната дејност и материјално - финансиското работење на СОУ „Ѓупчо Сантов“ - Кочани. Структурните подрачја на работните задачи на директорот се: концепциско - програмско следење; унапредување и анализа на планирањето; организирање и реализирање на дејноста на училиштето; педагошко - инструктивна работа со наставниот кадар; соработка со учениците, родителите, наставниците, социјалните партнери, локалната самоуправа, управните и стручните органи и тела; педагошка евиденција и аналитичка работа.

Секое подрачје содржи бројни работни активности, кои се застапени во Годишната програма за работа на директорот што е дадена како прилог на Програмата за работа на училиштето.
(Прилог: ***Програма***).

- **УЧИЛИШЕН ОДБОР** - Орган на управување во СОУ „Ѓупчо Сантов“ - Кочани, е Училишниот одбор составен од 12 членови. Училишниот одбор го донесува Статутот на училиштето; Годишната програма за работа за тековната учебна година; усвојува извештаи за работата на училиштето; распишува јавен оглас за именување на директор; дава мислење по приговори на наставници и стручни соработници за оцена на нивната работа; донесува одлуки за набавка на основни средства; разгледува и одлучува по барања и приговори за остварување и заштита на правата од работен однос; разгледува и одлучува по приговори против одлуки донесени од Наставничкиот совет; одлучува за изречени педагошки мерки на ученици; како и други работи утврдени со закон.

- **СОВЕТ НА РОДИТЕЛИ** - Во училиштето постои и функционира Совет на родители, кој го сочинуваат претставници од родителите на учениците, кои не се вработени во СОУ „Ѓупчо Сантов“ - Кочани. Тој е составен од 8 членови, по двајца претставници од родители на ученици од I, II, III и IV година.

Советот на родители ја следи воспитно - образовната работа на училиштето и дава мислења за нејзино остварување; го разгледува успехот, редовноста и поведението на учениците и предлага мерки за нивно подобрување; соработува со директорот, помошник директорот , педагошко-психолошката служба и наставниот кадар, се грижи за обезбедување на средства преку спонзорства, наменети за подобрување на работните училишни услови и купување на нагледни средства; а врши и други работи од интерес на унапредување на дејноста на училиштето.
(Прилог: ***Програма за работа на Советот на родители***).

### 12.2. Стручни органи и тела

- **НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ** - како стручен орган го сочинуваат: директорот, помошник директор, наставниците и стручните соработници. Седниците на Наставничкиот совет ги свикува и по правило со нив раководи директорот на училиштето. Наставничкиот совет разгледува прашања и проблеми од воспитно - образовната дејност на училиштето и тоа: ја разгледува Програмата за работа на училиштето и ја следи нејзината реализација; го разгледува и утврдува успехот и поведението на учениците; изрекува педагошки

мерки; донесува одлуки по приговори; разгледува извештаи од извршен стручен надзор; превзема мерки за подобрување на квалитетот на наставниот процес, успехот и редовноста на учениците; донесува одлуки за вклучување во проекти; одобрува ученички екскурзии; дава мислење за набавка на наставни средства и помагала; прогласува ученик на генерацијата; пофалува ученици; проследува прашања од проектните и воннаставните активности; превзема подготовки за успешен почеток на учебната година; распишува оглас за запишување на ученици во I година; разгледува барања и приговори од ученици; превзема активности за унапредување на воспитно - образовната рабоата.
(Прилог: ***Програма***).

- Стручното тело **СОВЕТ НА ПАРАЛЕЛКАТА**, ги остварува следните програмски работи: непосредно организирање, следење и унапредување на воспитно - образовната дејност на паралелката; ги утврдува полугодишниот и годишниот успех и поведение; соработува со раководителите на паралелки; превзема мерки во случај на неизвршување на ученичките обврски; одлучува за полагање испит на годината и слично.
- Во училиштето според законската регулатива, свои активности реализира и **СОВЕТОТ НА ГОДИНАТА**. Неговите активности се идентични со активностите на Советот на паралелката, со разлика што во овој случај се однесуваат на ниво на I, II, III и IV година.
- **СТРУЧНИТЕ АКТИВИ**, како стручни тела во воспитно - образовниот процес во нашето училиште се носители на задоволување на потребата за обезбедување на постојана, успешна и квалитетна реализација на програмата по наставните предмети. Подрачја на работа на стручните активи се: педагошко - дидактичка; организационо - оперативна; аналитичко - истражувачка; стручно - едукативна; примена на иновации во наставата; воннаставни активности и друго.

(Прилог. ***Програма за работа на стручните активи*** ).

- **РАКОВОДИТЕЛОТ НА ПАРАЛЕЛКАТА,** е во улога на педагошки раководител; организатор на целокупната работа во паралелката; проследувател на успехот на учениците; соработник; администратор на педагошката евиденција и документација што се води за паралелката. Раководителот на паралелката води грижа за функционирањето на паралелката на потребното ниво; разрешува конфликтни ситуации и проблеми поврзани со воспитно - образовната дејност; контактира со семејството на ученикот; помага при социјализацијата на учениците во училишната средина.

(Прилог: ***Програма за активностите на раководителот на паралелката и Програма Образование за животни вештини***).

- Во рамките на педагошко - психолошката служба во училиштето, свои програмски задачи остваруваат и стручните соработници – психолог, педагог, дефектолог. Преку стручна и педагошка соработка, психологот, педагогот и дефектологот придонесуваат во унапредувањето на сите сегменти од воспитно - образовниот процес. Програмските содржини во работата на училишниот психолог и педагог се: планирање и организирање на воспитно - образовната работа во училиштето; изработка на стручни материјали; советодавна работа; стручно усовршување; водење на потребната педагошка евиденција и документација и организирање на работилници и др. предавања .
- **Помошен директор** – Програмските задачи на помошен директор се проследени околу организацијата на наставата, следење на наставните

процеси во текот на учебната година, педагошка комуникација со вработените и учениците, родителите.

- Стручен соработник – библиотекар – задолжен за набавка, одржување, издавање на слободната и задолжителна училишна литература. Со воведувањето на бесплатни учебници за сите ученици најголем дел од обврските околу давањето и враќањето на учебниците се во надлежност на работните задолженија на библиотекарот.

(Прилог: ***Годишна програма за работа на помошен директор, психолог, педагог, дефектолог и библиотекар***).

## 13. КАЛЕНДАР ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО ВО УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА

Воспитно - образовната работа на СОУ „Љупчо Сантов“ - Кочани, во текот на учебната 2017/2018 година ќе има своја временска динамика според Календарот за организација на работата на училиштето. Во него се поместени законските одредби на започнување и завршување на учебната, односно наставната година, временскиот термин за: зимски и летен одмор за учениците; за полагање поправни испити, матура, екстерно тестирање; денови на одбележување и празнување на државни и верски празници, одбележување на Денот на еколошката акција на младите во Република Македонија.

Училиштето својот Патронен празник го одбележува на 23 март.

(Прилог: ***Календар за работа на училиштето за учебната 2017/2018 година***, ***Еко календар за учебната 2017/ 2018 година***).

## *Содржина на Годишната програма за работа на училиштето*


1. Лична карта на училиштето
2. Цели на училиштето
3. Утврдени приоритети
4. Акциски планови
5. Настава
6. Организација и реализација на воспитно - образовната дејност
7. Организиран превоз на ученици
8. Соработка со локална средина
9. Следење, вреднување и унапредување на воспитно - образовната дејност
10. Правила за работење и однесување во училиштето
11. Усовршување на наставниот кадар во текот на образовниот процес
12. Управни и стручни органи и тела
13. Календар за работата на училиштето во учебната 2017/2018 година

Работата на СОУ „Љупчо Сантов“ - Кочани, е утврдена со Годишната програма за учебната 2017/2018 година. Истата ја донесе Училишниот одбор, на предлог на Наставничкиот совет, согласно член 91 од Статут на училиштето.

***Носител на изработката*** на Годишната програма за работа на СОУ „Љупчо Сантов“ - Кочани

Директор

______________________

Миле Лефков

На седницата на Наставничкиот совет при СОУ „Љупчо Сантов“ - Кочани одржана на ден 23.08.2017 година, е разгледана Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2017/2018 година, а истата е одобрена од Училишниот одбор на седницата одржана на 25.08.2017 година.

Претседател на Училишен одбор

______________________

Бранка Димитрова